


# ПРАШАЊЕТО ЗА *веродостојноста* НА *БИБЛИЈАТА*

### *Христијаните со векови верувале во вдахновеноста на Светото писмо*

Теолозите расправале за Христовата природа, за значењето на некои текстови, за тоа дали заповедите дадени од Бога во Стариот и во Новиот завет важат и во променетите услови на живеењето, но никогаш не се сомневале во вдахновеноста и вистинитоста на Библијата.



Ваквиот однос кон Светото писмо се променил кога во втората половина на 18 век зазорила ерата на рационализмот. За она што дотогаш го прифатил како очигледна вистина, човекот почнал да бара докази, бидејќи повеќе не бил задоволен да се потпира само врз верата. Желбата за што попотполно спознание го довела до зачудувачки откритија и изуми. Човекот ги истражувал непознатите делови на Земјата, изумил нови можности за превоз, почнал да ги разбира дотогаш непознатите закони на природата. Во исто време својот интерес го свртел и кон минатото: се обидел да ја реконструира историјата на стариот век. Тогашните теолози се приближиле кон Библијата во духот на тоа време: сакале да знаат дали верата на нивните татковци ќе ја издржи промената на најновите научни резултати и проверката на логиката.



Заради тоа што помал број настани во Библијата можеле да бидат поддржани со древни научни документи, научниците, кои исклучиво верувале во тие докази, почнале да се сомневаат во веродостојноста и вистинитоста на Библијата, а настаните запишани во неа ги прогласиле за легенди и митови.

Поттикнати од желбата да го откријат минатото, мнозина заминале да ги посетат подрачјата на Медитеранот, колепката на повеќето древни цивилизации, и тука откриле урнатини од градови прекриени со правта на вековите. Така биле откриени цели одамна заборавени цивилизации, осветлени и оживеани спомени на палати на цареви, државни канцеларии и црковни архиви.

Претходно непознати списи биле успешно дешифрирани, оживеале мртви јазици. Врз основа на археолошките и книжевни пронајдоци, пронајдени во текот на минатиот век, под песочните ридови во Месопотамија, Египет, Палестина и Сирија, денес можеме да ја реконструираме историјата на народите меѓу кои живеел Божјиот народ. Иако и понатаму постојат значајни непотполности во истражувањето на античката историја, денес за неа знаеме многу повеќе отколку нашите прадедовци во своето време.

Повеќето од овие сознанија се покажале мошне корисни за подобро познавање на библиските времиња. Со тоа е обезбеден голем материјал кој ги потврдува библиските настани, ги решава привидните спротивности и дава насоки за неопходното разбирање на историската заднина на Божјиот збор.

За оној што денес ја истражува Библијата не се неопходни некои новокреирани откритија.



Денес многу библиски критичари признаваат дека кон Библијата треба да се однесуваат со поголема почит отколку до сега, бидејќи археолошките истражувања ја потврдуваат нејзината веродостојност.

Имаме на располагање доволно докази со кои може да се потврди и одбрани веродостојноста на Божјиот вдахновен збор, дури и кога нивниот извор не е толку сензационален како што се големите досегашни откритија. Секој нов пронајдок помогнал подобро да се запознаат народите што некогаш биле поврзани со Израел - како што се Тутанкамоновиот гроб, главниот град на Хетитите, царската архива пронајдена во Бозакој, официјалната кореспонденција на месопотамискиот цар кој живеел во времето на патријархот Јаков, или старото пристаниште на градот Тир, кое е покриено од морето.

Повеќето пронајдоци не се во непосредна врска со Библијата, но сите тие во голема мера ја прошируваат нашата претстава за животот што се одвивал во библиско време.

Меѓутоа, постојат и резултати од истражувања кои непосредно ги потврдуваат библиските известаи. Ролинсон и неговите соработници во средината на 19 век пронашле плочки со клинесто писмо. Една од нив го расветлува името на асирскиот цар Саргон, кој, освен во Библијата (Исаија 20,1), дотогаш не се споменувал во ниту еден антички извор, поради што критичарите на Библијата се сомневале дека воопшто некогаш постоел цар со тоа име. Истражувачите на Библијата се израдувале кога успешно дешифрираните древни записи обелоделениле материјални докази со помош на кои можеле да ја заштитат Библијата од критики.

**Кога Џорџ Смит во 1872 година во Британскиот музеј пронашол меѓу глинените плочки и такви со сторијата за потопот, радоста на христијаните била бескрајна.** Најпосле постоеле докази дека древните месопотамски писатели знаеле за таа катастрофа. Пронајдени се асирски царски натписи во кои се споменуваат имиња на повеќе јудејски цареви кои се бореле против нив или им плаќале данок.





Надгробниот споменик (стела) на египетскиот фараон Мернепта го споменува името Израел. Овој споменик го пронашол Флиндерс Питри во 1897 година, со што е потврдено дека Египќаните знаеле за Израелците во 12 век пред нашата ера и дека еден цар се борел против нив во времето на судиите. На критичарите на Библијата, кои не веруваат дека излегувањето од Египет се случило пред 13. век пред нашата ера, било тешко да им се објасни како можел фараонот Мернепта да се бори против Израелците во Палестина додека, според критичарите, тие во тоа време престојувале во Египет или во синајската пустина. Така е пронајдено и неразбирливото објаснение дека неколку израелски племиња воопшто не се преселиле во Египет, и затоа, во тоа време, фараонот водел војна против нив во Палестина.

Меѓутоа, во текот на зимата 1901/1902 година пронајден е познатиот Хамурабиев законик, со кој било побиено мислењето на критичарите на Библијата дека во времето на Мојсеј не постоел напреден правосуден систем. (Денес во париски Лувр се чува оваа 2,25м висока стела на која со клинесто писмо се испишани 282 члена на конкретни законски прописи на Хамурабиевиот законик од 18 век пред нашата ера).

Многубројни археолошки ископувања извршени во познатите градови како Ниневија, Вавилон, Ерусалим, Гезер, Мегидо, Тана, Мемфис, Теба и на многу други места, со важни детали го збогатиле нашето знаење за древната историја.





Старите цивилизации, откопани од страна на археолозите, повторно се појавиле на виделото на денот за да посведочат за вистинитоста на Библијата.

## *Веродостојноста на библискиот текст на вага*

Исус во својот познат говор за настаните пред Неговото второ доаѓање рекол: „Небото и земјата ќе минат, но зборовите мои нема да минат" (Матеј 24,35). Овие зборови ја издржале проверката на вековите.

Во златното време на критиката на Библијата, кон крајот на 19 век, повеќето научници со задоволство би ги замениле текстовите на Библијата, кои во основа ги сметале за неверодостојни. Со помош на Септуагинтата (најстариот превод на Стариот завет на грчки јазик) и други древни преводи, со мала сноодливост и вештина, библискиот текст го ревидирале во толкава мера што оригиналниот текст на многу места станал непрепознатлив. Што се однесува за Новиот завет, ракописите пронајдени во последните сто години целосно ги посрамотиле критичарите на Библијата.

Но, старозаветните ракописи не биле пронајдени. Познат бил еврејскиот обичај на закопување на истрошени и оштетени ракописи пронајдени во текот на вековите, поради што никој не се надевал дека кога било ќе се пронајдат постари библиски свитоци од тие што ги имале дотогаш.

Пред повеќе години ни еден дел на старозаветните еврејски ракописи не бил постар од илјада години, што значи дека поминале речиси 1500 години од оригиналните ракописи и оние што дотогаш ги поседувале. Истражувачите на Стариот завет признале дека не можат да бидат толку среќни како нивните колеги коишто го истражувале Новиот завет.

Критичарите на Библијата тврделе дека многу работи се случиле со оригиналните книги на Стариот завет и со преписите што ги поседувале во текот на вековите во период меѓу 1400 до 2500 години, во зависност од книгата за која се работело. Затоа научниците кои ја застапувале критиката, според свое мислење, го преправале текстот, додека конзервативците биле уверени дека Бог го сочувал текстот недопрен до ден денес. Значи, една група научници своите аргументи ги градела врз основа на логични поврзаности, а другите врз основа на верата. Меѓутоа, ни една група не можела да ги поткрепи своите аргументи со научни докази.

Откритието во 1947 година од корен ја променило ситуацијата. Самото откритие, кое, според прочуениот археолог Олбрајт било најголемо на сите времиња, се случило вака:



Додека го чувале своето стадо на каменестите планини во Јудеја, пастирите во близина на северозападниот брег на Мртвото Море откриле една нова пукнатина на добро познатиот терен.

Најпрвин мислеле дека, поради честите земјотреси во ова подрачје, се отворила една од многуте скриени пештери. Фрлиле камен во пукнатината, но откако се слушнал звук на кршење на глинени садови, побегнале од страв. Подоцна, откако собрале храброст, се вратиле и ја прегледале новата пештера.

Пронашле неколку глинени садови во добра состојба и многу кожени свитоци завиткани во платно. Свитоците ги однеле во Витлеем, каде што му ги покажале на некој оџа. Сметајќи дека се асирски ракописи, тој ги посоветувал пронаоѓачите да ги продадат свитоците во еден сириски манастир во Ерусалим. Така, игуменот на манастирот Св. Марко добил четири свитоци. Другите четири или пет ролни ракописи ги купил Е. Л. Сукеник, професор на Еврејскиот универзитет.

Кога владата на Јордан, на чија територија се наоѓала пештерата, станала свесна за ова наоѓалиште, пратила посебна експедиција да ја обиколи и да ја истражи пештерата. За таа цел ги ангажирале Хардинг и Вокс, двајца способни ахреолози, кои со големо внимание ја истражиле пештерата. Сите знаци упатувале на тоа дека тамошните жители многу пред нив тајно



ја истражиле пештерата, но и покрај тоа, двајцата истражувачи откриле стотици фрагменти на глинени садови и нивни капаци, и делови на платно во кои биле завиткани свитоците. Нашле и неколку стотици помали фрагменти од ракописи. Влажната клима на Палестина воопшто не е поволна за зачувување на вакви работи, како што биле ракописите, меѓутоа, пештерата во која се најдени, се наоѓала во јорданската сува пустина каде што воопшто нема врнежи. Фактот дека свитоците се пронајдени во релативно добра состојба, може да им се припише на овие околности.

Професор Вокс успеал да состави неколку од четириесетте огромни глинени садови, чии делови биле пронајдени. Секој од тие садови бил доволно голем за складирање на четири или пет свитоци. Два глинени сада, кои останале недопрени при првите откритија во пештерата, се во сопственост на професор Сукеник. Еден друг сад, составен од повеќе делови, се наоѓа во Универзитетот на Чикаго. Според археолозите, садовите се направени во 61 година пред нашата ера, во време на римската окупација на Ерусалим, при крајот на хеленистичката доба или во раниот римски период.

Голем број ќупови пронајдени во пештерата укажуваат на тоа дека на ова место биле сокриени околу двесте свитоци. Со оглед на тоа дека се најдени само десет, кои не биле во иста состојба, природно се поставува прашањето: Што се случило со останатите свитоци од моментите кога некој во првиот век ги сокрил на ова место? Состојбата на пештерата го дала одговорот на ова прашање. Во пештерата се пронајдени римски садови за готвење и ламби кои покажувале дека „непознати гости“ во римско време однеле со себе поголем дел од древната библиотека. Стотиците фрагментни ракописи, кои се пронајдени при истражувањето на пештерата, укажуваат дека, поради безбедноста на ова место, била сместена голема библиотека.

На Институтот за нуклеарно истражување на Универзитетот на Чикаго, откако свитокот бил



Кумранските свитоци се сметаат за едно од најголемите откритија во Библиската археологија.



Сувата клима крај Мртвото море била идеално место свитоците со библиските текстови да бидат сочувани толку долго.



изложен на тестирање на староста, заклучиле дека ракописот потекнува од 33 година пред нашата ера (границата на грешка изнесува плус-минус 200 години). Тоа значи дека платното било исткаено во периодот од 168 г. пред Христа до 233 г. пред Христа, потврдувајќи го мислењето на оние научници кои сметаат дека свитоците потекнуваат од времето пред Христа.

Кај првиот свиток кој стигнал кај д-р Тревер, тој ја препознал целата книга на пророкот Исаија. Овој свиток од пролетта 1948 година станал многу познат. Зачуван е во речиси совршена состојба и ја содржи целата книга на пророкот Исаија од првиот до последниот стих.



На крајот проговориле научниците:
***„Постојат мали пропусти и вметнувања, но голем факт е дека ниеден од нив не може да се нарече значителен пропуст или вметнување“***
(Милер Бароуз, професор на Универзитетот Јеил).

Големата количина на пронајдоци со децении ги повикувала археолозите и научниците да ги истражуваат овие древни ракописи. Пронајдени се повеќе делови на сите старозаветни книги, освен книгата за Естира.

Во целиот свет луѓето нетрпеливо ги очекувале резултатите од овие истражувања. Главното прашање било дали текстовите од денешната Библијата се истоветни со текстовите од пред 2000 години. Еден новинар вака ја обликувал замислата на медумите: „Сега ќе се види колку се променети текстовите во Библијата. Тоа од темел ќе го потресе христијанството“.

Ситните пропусти и вметнувања се однесуваат на некоја буква или краток збор и воопшто не влијаат на значењето на текстот. Археологот Јигаел Јадин вака го вообличил тоа: „Изненадувачки е дека во сè, освен во ситни разлики, Библијата во нашите раце потполно се согласува со оригиналот“.

Бог во своето провидение ги сочувал овие списи за да ги откриеме во овој пресуден период од историјата на светот. Пред педесет години било незамисливо критички ориентираните научници, кои биле признати професори на водечките универзитети, како погореспоменатите, така да ги бранат старозаветните списи како што го прават тоа денес. Ниту еден признат научник дотогаш не смеел да проговори против критиката за преправање на текстовите. Колегите веднаш би ги дискредитирале, затоа што би го довеле во прашање еден од главните моменти во своите научни трудови.

Пророкот Исаија однапред кажал дека Бог води сметка за Библијата, бидејќи затоа му ја дал на човекот, во секое време да може да се ориентира и да го запознае Бога.

**„Тревата се суши и цвеќето свенува, а словото на нашиот Бог ОСТАНУВА ВЕЧНО“** (Исаија 40,8).

Лекција бр. 4
серија **„Трагите водат кон Бог“**
Одговорен уредник: **Михајло Гурев** | Јазична редакција: **Томислав Треневски**
Дизајн: **Лазар Томовски** | Издава: **АИК „Знаци на времето“** П. фах 215, 1000 Скопје
Печати: **Аркус дизајн** | За дополнителни информации пишете ни на **tragite@yahoo.com** или јавете се на **071 / 569 076**
**www.adventisti.org.mk www.znacinavremeto.mk**